**20251362990**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за трговија (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21, 295/21, 150/22 и 16/25) министерот за економија и труд, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МИНИМАЛНО-ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ ВО ПРОДАЖНИ ОБЈЕКТИ ВО КОИ СЕ ВРШИ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈА НА МАЛО

Член 1

Во Правилникот за минимално-техничките услови во продажни објекти во кои се врши трговија на големо и трговија на мало („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/22 и 79/23), во член 23 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„По исклучок од став 1 на овој член, увозникот на нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт при вршењето на трговија на големо, со друг трговец на големо, увезените нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт ги доставува во посебен склад кај трговецот на големо.“

Во ставот 2 кој станува став 3 во воведната реченица зборовите „став 1“ се заменуваат со зборовите „ставовите 1 и 2“.

Точката 1) се менува и гласи:

„1) минималната зафатнина на резервоарите да е 100 m3 за биогориво, 100 m3 за горива тип 1 (ГМ-1) за млазни мотори, 200 m3 за течен нафтен гас (ТНГ), и 500 m3 по дериват за останатите деривати и горива за транспорт и “.

Ставот 3 кој станува став 4 се менува и гласи:

„Складовите од ставовите 1 и 2 на овој член треба да ги исполнуваат барањата од техничките прописи за складирањето и преточувањето на горивото утврдени со закон или друг пропис“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 11-3417/3
7 јули 2025 година
Скопје

Министер за економија и труд
м-р **Бесар Дурмиши**, с.р.